Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 04 – 403/1
18.03.2026 год.
Охрид

ЈП„ Охридски Комуналец " Охрид
Ул.„Нов Расадник " бб Охрид

**ПРЕДМЕТ: ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2026 за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување**

Врз основа на чл.20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Служ.Весник на РМ бр.27/2014, бр.199/2014 и бр.27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2019, 14/2020 и 208/24) и член 37-и од Законот за Јавни претпријатија, а согласно Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП Охридски Комуналец Охрид и согласноста дадена од Градоначалник на Општина Охрид бр.04-305/2 од 09.03.2026 година, Директорот на ЈП „Охридски Комуналец " Охрид, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 1/2026**

**за вработување на неопределено време**

**За прием на:**

1. 1 (еден) извршител за работно место „Општ комунален работник", шифра на работно место КДР0305В02001, со најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование со или без работно искуство во струката, на неопределено време,
2. 1 (еден) извршител за работно место „Возач на специјално тешко возило(над 3,5т)",шифра на работно место КДР0305Б03050,со најмалку ниво на квалификации IV ,240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование,со 1(една) година работно искуство во струката ,на неопределено време.
3. 1 (еден) извршител за работно место „Метач", шифра на работно место КДР0305В02020, со најмалку ниво на квалификации 1 или основно образование со или без работно искуство во струката , на неопределено време,

За работното место под реден број 1 (еден) „Општ комунален работник", неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07:00 часот до 15:00 часот и од 13:00 до 21:00 часот.Опис за работното време работа во смени. Основната нето плата изнесува 26.119,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

За работното место под реден број 2 (два) „Возач на специјално тешко возило (над 3,5т)", неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07:00 часот до 15:00 часот и од 13:00 до 21:00 часот.Опис за работното време работа во смени. Основната нето плата изнесува 26.805,оо, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

За работното место под реден број 3 (три) „Метач " ,неделното работно време е од понеделник до петок, а дневното работно време е од 07:00 часот до 15:00 часот и од 13:00 до 21:00 часот.Опис за работното време работа во смени. Основната нето плата изнесува 26.119,оо денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, должност или дејност

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни услови:

- Да има соодветни стручни квалификации за работното место
- Да има соодветно работно искуство потребно за работното место

- Да поседува посебни работни компетенции потребни за работното место

Заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Диплома за завршено соодветно образование
- Потврда за работно искуство доколку се бара
- Пополнета пријава објавена на ВЕБ страната на ЈП Охридски Комуналец

Огласот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат-во три дневни весници . Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават на адреса: ЈП Охридски Комуналец Охрид, Ул.„Нов Расадни " бб, лично или преку пошта.
Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.
Постапката за селекција за вработување на давателите на јавните услуги во претпријатиeто, се состои од две фази и тоа:
Фаза 1- Административна селекција која опфака проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази
Фаза 2 -Интервју.
Изборот на кандидати ќе се врши во рок од 5(пет) дена по завршувањето на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги.

**ЈП „Охридски Комуналец "Охрид**
**Директор**
**м-р Сашо Најдески**